# КОЛКУ СЕ УПОТРЕБУВА МЕДИЈАЦИЈАТА ВО НАШАТА ДРЖАВА?

## БРОЈ НА УПАТЕНИ ПРЕДМЕТИ НА МЕДИЈАЦИЈА ОД СТРАНА НА ЈАВНИ ОРГАНИ И БРОЈ НА РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КОИ СТРАНКИ СЕ ЈАВНИ ОРГАНИ

Со цел унапредување на концептот на медијација, Владата на Република Северна Македонија во јули 2019 година донесе Заклучок со кој ги задолжува сите државни органи, институции, јавни претпријатија што се во државна сопственост, но и единиците на локална самоуправа, пред да почнат постапка пред суд да направат обид споровите да ги надминат по пат на медијација. Покрај тоа што согласно податоците од анкетата[1] има намалување на бројот на упатени предмети на медијација од страна на јавните органи и бројот на предмети решени со медијација, во кои странки се јавни органи за 2019 година, сепак овој број може да се должи и на вкупниот број на спорни предмети во кој странки се јавни органи.

## СТАПКА НА УСПЕШНОСТ НА СТОПАНСКИ И РАБОТНИ СПОРОВИ, РЕШЕНИ ПО ПАТ НА МЕДИЈАЦИЈА

### 2018

**Број на предмети упатени на медијација од страна на јавни органи:**
Постои намалување на бројот на предмети што медијаторите одговориле дека им ги упатиле јавните органи во 2019 година (89 предмети) во споредба со 2018 година (128 предмети).




Број на предмети упатени на медијација




Број на предмети решени со медијација

### 2019

**Број на предмети решени со медијација, во кои странки се јавни органи:**
Постои намалување на бројот на решени предмети од 82 во 2018 година на 58 во 2019 година.




Број на предмети упатени на медијација




Број на предмети решени со медијација

## СТАПКА НА УСПЕШНОСТ НА СТОПАНСКИ И РАБОТНИ СПОРОВИ, РЕШЕНИ ПО ПАТ НА МЕДИЈАЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 2016 ЗАКЛУЧНО СО 20 ОКТОМВРИ 2020 ГОДИНА[2]

Стапката на успешност на стопанските спорови по пат не медијација е 23,3% (од вкупно 689 предмети, спогодба е постигната во 161 предмет).




Стапката на успешност на работните спорови решени по пат на медијација е 89,1% ( од вкупно 1060 предмети, спогодба е постигната во 945 предмети).




1 Податоците се од анкетата со медијатори спроведена од Институтот за европска политика во февруари 2020 година. На анкетата одговорија 22 од 46 медијатори.
2 Согласно податоците изнесени од страна на Министерството за правда на настанот по повод Европскиот ден на правда, организиран од страна на Институтот за европска политика (ЕПИ) - Скопје

Kingdom of the Netherlands